Република Северна Македонија
Општина Ѓорче Петров
Бр. 02-1961/3
23.12 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 17 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ“ бр.10/20) и член 41-г од Статутот на Општина Ѓорче Петров - пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 8/23), Општина Ѓорче Петров, објавува

ЈАВЕН ПОВИК

За формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Ѓорче Петров

Општина Ѓорче Петров формира Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Ѓорче Петров.

Иницијативниот одбор е составен од најмногу пет (5) члена, жители на Општина Ѓорче Петров, на возраст од 15 до 29 години.

Мандатот на членовите на Иницијативен одбор трае до одржување на коститутивното Локално Собрание на млади.

Комисија за избор на членови на Иницијативниот одбор ја спроведува постапката за избор на членови на Иницијативниот одбор за конституирање на Локалното Собрание на млади на Општина Ѓорче Петров преку Јавен Повик на веб страната на Општина Ѓорче Петров, а работата на одборот ја координира и помага службеникот за млади и младински политики на Општина Ѓорче Петров.

УЛОГА И ЗАДАЧА НА ИНИЦИЈАТИВНИОТ ОДБОР

- Поддршка на општината во креирањето и ревидирањето на актите кои го уредуваат формирањето и работата на Локалниот Младински Совет;
- Распишување на повик за конститутивно Локално Сорание на млади во согласност со Статутот на општината, по принципот на јавност и транспарентност и
- Соработка со општината при организацијата и одржувањето на конститутивното Локално Собрание на млади.

ЧЛЕНОВИ НА ИНИЦИЈАТИВНИОТ ОДБОР МОЖАТ ДА БИДАТ КАНДИДАТИ ОД:

- Младински организации;
- Организации за млади;
- Политички подмладоци;
- Ученички организации;
- Студенски организации и
- Други облици на младинско здружување кои работат и функционират на територијата на Општина Ѓорче Петров и сакаат да учествуваат во основањето на Локалниот Младински Совет.

ДОКУМЕНТИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ДОСТАВАТ:

- Потврда за членство во наведените младински организации;
- Пријава за номинација на претставник за член во Иницијативен одбор и контакт информации;
- Изјава за согласност за користење на лични податоци од номинираното лице;
- Изјава за прифаќање на номинацијата за член на Иницијативен одбор и
- Кратко мотивационо писмо и кратка биографија.

КРИТЕРИМИ ЗА ИЗБОР

- Да е жител/ка на Општина Ѓорче Петров
- Да е на возраст од 15 до 29 година
- Да е проактивен/на и способен/на за индивидуална и тимска работа

НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Пријавите за членување во Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Ѓорче Петров со потребната документација во еден оригинален примерок, потпишан и заверен со печат и штембил од одговорното лице на младинската организација, затворени во плико, адресирани до Општина Ѓорче Петров, ул. Ѓорче Петров бр.22 Скопје, се доставуваат до архивата на општината секој работен ден од 8,30 до 15 часот, со назнака „За јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Ѓорче Петров“.

РОК НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Седум (7) дена сметано од денот на објавување на Јавниот повик.

ЛИЦЕ ЗА КОНТАКТ

Службеник за млади и младински политики на Општина Ѓорче Петров е Марија Сарагинов, контакт: 076 212 329, е-маил: m.saraginov@opstinagpetrov.gov.mk.

Општина Ѓорче Петров

Градоначалник,
Александар Стојкоски

Изготвил:
Б.Стојанов